РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

2015

# ИЗВЕШТАЈ
## ПРВ КВАРТАЛ



## *Царинска регулатива*



Во февруари 2015 година донесена е **измена на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ” бр. 15/15*)*. Со оваа измена се изврши одложување на примената на одредбите од Царинскиот закон кои се однесуваат на влезната и излезната збирна декларација до влегувањето на Република Македонија во ЕУ. Одредбите за влезна и излезна збирна декларација со измените во законодавстовото извршени во текот на 2010 и 2011 година се целосно услогласени со одредбите на Царинскиот законик на ЕУ, но со оглед на фактот дека се работи за одредби кои се специфични за унијата, примената на овие одредби се одлага до влегувањето на нашата држава во неа.

Во јануари 2015 година донесено е **дополнување на Правилникот за задолжителни податоци кои треба да ги содржи записот од евиденцијата и образецот од евиденција** („Сл.весник на РМ” бр. 3/15). Со дополнувањето на овој Правилник предвидено е во случаите кога се внесува или изнесува домашна стока во и од Технолошко индустриските развојни зони, да не се пополнува рубриката предвидена за тарифна ознака.

Во февруари 2015 година донесена е **измена и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската** декларација („Сл.весник на РМ” бр. 15/15*)*. Измените и дополнувањата на Правилникот се донесени заради обезбедување на поголема следивост на влезните ветеринарни документи кои ги издава Агенцијата за храна и ветеринарство и со истите се направи разграничување помеѓу влезните ветеринарни документи за живи животни и за производи од животинско потекло, при увоз и при транзит.

### ЦАРИНСКА ТАРИФА



Во март 2015 година донесена е **измена и дополнување на Законот за царинска тарифа** („Сл.весник на РМ" бр. 44/15). Со оваа измена на Законот се врши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа царинска тарифа, односно се исполнува обврската на Република Македонија за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната

програма за усогласување на правото на Европската унија[1], како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.



## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во врска со царинското работење во Република Македонија[2], во текот на првиот квартал на 2015 година, се донесоа следниве акти:

- измена и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата („Сл. весник на РМ” бр.10/15);
- измена и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата („Сл.весник на РМ” бр.10/15).

[1] ЕУ
[2] РМ



*Активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнувањето на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија продолжуваат да бидат главна точка во агендата на Царинската управа за 2015 година.*

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО ЕУ

Во февруари 2015 година донесена е **измена и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија**, кое претставува четврто дополнување на основната Уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија („Сл.весник на РМ" бр. 2/14). Со оваа уредба се усвоени вкупно 19 нови регулативи на ЕУ кои се донесени во период од 01.07.2014 до 30.09.2014 година.

Регулативите се однесуваат на распоредување на разновидна стока како на пример: кутија од челик, препарат за миење на кожа и коса, додаток во исхрана, мешавина од замрзнато овошје, течен производ за испирање на очите, рачна острилка за ножеви и мини пумпа. Распоредувањето на наведените стоки се совпаѓа со распоредувањето на таква и слична стока увезена во РМ и не предизвикува измени во примената на Царинската тарифа.

Со донесувањето на Уредбата, **Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија**, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Македонија.

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

### *Пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка*




Во периодот од 20-23 јануари 2015 година, директоратот за царини и даноци на Европската комисија - DG TAXUD одржа мониторинг мисија за оценка на подготвеноста на Република Македонија за преземање на обврските од пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата. На мисијата присуствуваа експерти во областа на транзитот од Европската комисија – DG TAXUD и претставници на државите членки на конвенцијата: Финска, Словенија и Унгарија. Во работата на мисијата учествуваше и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Проектниот тим на Царинската управа за НКТС[3] го претстави напредокот за воспоставување на системот од почетокот на неговата имплементација до сега. При мисијата беа остварени посети на царинските испостави Табановце, Скопје 2 и Одделението за управување со гаранции, каде практично беше прикажано започнување и завршување на транзитна постапка и придобивките од употребата на системот. Мисијата оствари средби и со претставници на коморите на економските оператори кои работат во областа на увозот и извозот, шпедитерите и банките со цел да се увиди нивната подговеност за користење на системот. Од посебен интерес за мисијата беше работењето на Македонски железници со новиот систем, поради што се оствари посебна средба со претставниците на оваа компанија. Експертите од Европската комисија ја оценија состојбата околу подготовките на Царинската управа како многу успешна, со многу високо ниво на подготвеност. Врз основа на постојаната мисија, беше изготвен позитивен извештај за подготвеноста на Република Македонија за преземање на обврските од пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата.



[3] Новиот компјутеризиран транзитен систем

## ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

На 23 Март 2015 година, на 158от состанок на ЕУ-ЕФТА Работната група за заеднички транзит и олеснување на формалностите во трговијата со стоки во Брисел, Белгија, беше презентиран извештајот од мониторинг мисијата за оценка на подготвеноста на Република Македонија за преземање на обврските од пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока. На истиот состанок врз основа на позитивниот извештај **е усвоена препорака до Мешовитиот комитет на ЕУ-ЕФТА за доставување на покана до Република Македонија за пристапување кон конвенциите**, по што се очекува кон средината 2015 година да следи и пристапување во Системот за заеднички транзит на ЕУ.

### *Царина 2020 – Програма на Европската комисија*

***Програмата на ЦАРИНА 2020 (финансирана од средства на ЕУ и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки.***

За учество на претставници на Царинската управа на Република Македонија во активностите на програмата заклучно со март 2015 година, од средствата наменети за Програмата ЦАРИНА 2020 за 2015 година, потрошени се околу 30.000 евра.

Во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2020 во текот на првиот квартал на 2015 година се одржаа следните активности:

- Втор состанок на Комитетот на Програмата Царина 2020 во Брисел, Белгија;
- Состанок на проектна група за ИТ технологии и инфраструктура во Брисел, Белгија;
- Прв состанок за работни посети во рамки на програмата Царина 2020 во Брисел, Белгија;
- Работилница „Рамка на компетенции - поддршка за национална имплементација“ во Брисел, Белгија, со цел за размена на искуства од земји членки кои се во фаза на имплементација на Рамката на компетенции;
- 17-ти Пленарен состанок на мрежата на европски царински лаборатории, во Брисел, Белгија.
- Втор состанок на мрежата за комуникација за царина и даноци на ЕУ, во Брисел, Белгија;
- 6-ти Состанок на електронската царинска група со трговската контакт група, во Брисел, Белгија;.
- 7-ти Пленарен состанок на работната група C2020 за контрола на пренос на пари, во Брисел, Белгија.

# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

## *Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија*[4]

Преку TAIEX инструментот за техничка помош во првиот квартал од 2015 година се одржаа следните активности:

- **Работилница за кривични дела од областа на интелектуална сопственост и трет планиран состанок за Операција „Белиот Меркур II“**, насочена против меѓународната трговија со нелегални стоки и кривични дела против интелектуалната сопственост, во Подгорица, Црна Гора;
- **Работилница на тема „Прекугранична соработка во борбата против криминалот со возила, особено со тешка машинерија (опрема за садење и градежништво, камиони, автобуси)“**, со цел подобрување на соработката и размената на искуства меѓу надлежните министерства и институции од регионот во борбата против криминалот со возила, во Подгорица, Црна Гора.
- **Работилница за проценка на анализа на ризик, физичка и документарна контрола на изведба**, со цел размена на најдобрите практики за тоа како да се создадат профили на ризик и информирање на учесниците за алатките и процедурите за оценка на собраните информации, во Скопје;
- **Градење на институциите (DG NEAR C3 - Institution Building),** во Скопје.

## *ИПА ПРОЕКТИ*

Приоритетните активности на Царинската управа се насочени кон целосно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување со организациските барања, како и развој на административниот и институционалниот капацитет. Во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од **Инструментот за претпристапна помош (ИПА)**, Царинската управа се јавува како корисник на средства за следниве проекти:

- **Јакнење на капацитетите на Царинската управа за имплементација на царинското и акцизното законодавство (ИПА 2010)** чија главна цел е понатамошно усогласување на законодавството со acquis во областа на акцизите и царинското работење. Проектот се одвива во рамки на два **подпроекти, и тоа:**
    1. **Хармонизација на законодавството и постапките со законодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите (ИПА 2010),** кој започна во текот на првиот квартал на 2015 година и се реализира со помош на Царинската служба на Австрија како твининг партнер во период од 24 месеци.
    2. **Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА 2010)** кој започна да се имплементира во втората половина од 2014 година заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на НКТС. Целта на овој проект е во период од 24 месеци да се спроведат последните подготовки на регулативата и интерните процедури за членство во Конвенцијата за заеднички транзит.

[4] TAIEX

- **Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (ИПА 2011),** чија главна цел е зајакнување на капацитетот на Царинската управа во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост.
- **Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012).** Проектот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 $м^2$, како и изградба на придружни објекти.
- **Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на Граничниот премин за патен промет Ќафасан (ИПА 2013),** преку кој ќе се изгради нов увозно извозен царински терминал од 9.500 $м^2$, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи како и реконструкција на постојните објекти.

Реализацијата на последните два проекти значително ќе ја подобри инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, ќе го намали времето потребно за вршење на граничните формалности и ќе овозможи примена на современи средства за инспекција, со што ќе се забрза и олесни стоковата размена, а воедно ќе се олесни и забрза транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

*Менаџментот со човечки ресурси е важна алка од синџирот на менаџментот во институциите воопшто. Свесна за ова, Царинската управа и во текот на 2015 година ќе продолжи континуирано да инвестира во неговата надградба и развој, сметајќи ги како движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ, односно за подобрување на делотворноста на институцијата како државен орган.*



## *Основи*

Во првиот квартал на 2015 година, беа донесени следните акти со кое се регулира работењето во областа на човечките ресурси во царинското работење:

- **измена и дополнување на Колективниот договор на Царинската управа**, со кој се врши измена и дополнување на работните места во Царинска управа, согласно измената во Правилникот за систематизација на работни места во Царинска управа и Правилникот за организација на работа во Царинската управа;
- **измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Царинска управа на Република Македонија** и **измена и дополнување на Правилникот за организација и работа на Царинска управа на Република Македонија,** со кои е направена измена и дополнување во Секторот за Царински систем односно во Одделението за гранични и транзитни формалности (во рамки на одделението се формирани две служби);
- **измена и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници** („Сл. весник на РМ бр.20/15“) со кој се менува рокот за издавање и враќање на службена легитимација.
- **Правилник за системот на наградување на царински службеници,** со кој се пропиша системот на наградување на царинските службеници и видовите на награди.

На крајот на прв квартал 2015 година во Царинската управа беа вработени **1.140 лица**. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), **1.013** лица се со статус на царински службеници, **13** лица се со статус на државни службеници и **112** лица се со статус на работници. Во однос на стручната

подготовка, 25 вработени се магистри, 637 се со високо образование, 19 се со вишо образование, 429 се со средно образование и 30 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 58% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Организациона единица** | **31.01 2014** | **28.02 2014** | **31.03.2014** | **31.12.2014** | **01.01.2015** | **01.02.2015** | **31.03.2015** |
| 1 | Кабинет на генерален директор | 11 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка проекти и европска интеграција | 5 | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и застапување пред судовите | 18 | 18 | 18 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 19 | 19 | 18 | 27 | 17 | 16 | 16 |
| 6 | Одделение дежурен царински центар | | | | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 7 | Сектор за управување со човечки ресурси | 20 | 20 | 20 | 17 | 19 | 19 | 19 |
| 8 | Сектор за административни и технички работи | 175 | 176 | 177 | 183 | 186 | 186 | 184 |
| 9 | Сектор за ИКТ | 25 | 25 | 25 | 28 | 31 | 30 | 31 |
| 10 | Сектор за сметководство и финансии | 40 | 40 | 40 | 39 | 39 | 37 | 37 |
| 11 | Сектор за професионална одговорност | 20 | 20 | 19 | 15 | 16 | 16 | 16 |
| 12 | Сектор за Царински систем | 40 | 39 | 40 | 29 | 30 | 30 | 32 |
| 13 | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | | | | 17 | 20 | 20 | 19 |
| 14 | Сектор за контрола и истраги | 115 | 115 | 115 | 91 | 91 | 90 | 90 |
| 15 | Регионална Царинарница Скопје | 224 | 224 | 226 | 214 | 221 | 223 | 222 |
| 16 | Регионална Царинарница Битола | 116 | 116 | 116 | 119 | 120 | 121 | 122 |
| 17 | Регионална Царинарница Гевгелија | 129 | 129 | 134 | 127 | 122 | 122 | 121 |
| 18 | Регионална Царинарница Куманово | 127 | 126 | 125 | 122 | 125 | 124 | 123 |
| 19 | Регионална Царинарница Штип | 54 | 54 | 55 | 54 | 55 | 55 | 55 |
| **Вкупно** | | 1,141 | 1,139 | 1,146 | 1,135 | 1,145 | 1,142 | 1,140 |



## *Вработување*

Во првиот квартал на 2015 година во Царинската управа се распишаа 19 интерни огласи за пополнување на 67 работни места, од кои 27 раководни работни места. На интерните огласи се пријавија 52 кандидати. Од вкупно пријавените се пополнија 17 работни места, од кои 16 раководни работни места. Дел од распишаните интерни огласи се во постапка.

## *Обуки и стручно оспособување*

### *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во првиот квартал од 2015 година, се спроведоа **53 активности за стручно оспособување на царинските службеници**, реализирани со вкупно 563 учесници[5]. Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од **7,6** часа (7 часа и 36 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просек од 3,7 часа (3 часа и 42 минути).
За првиот квартал од 2015 година реализацијата на Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници за делот Обуки за специјализирани надлежности е 71% реализација.

Позначајни обуки одржани во првиот квартал од 2015 година се:
- **Користење на националната база за вредност.** Целта на обуката беше да се запознаат учесниците со начинот на внесување на податоци во националната база за вредност;
- **Проценка на ризиците во планирањето на ревизијата.** Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со проценка на ризиците во планирањето на ревизијата; категоризирање на ревизорскиот универзум за потребите на планирање на ревизијата; утврдување на ризиците; изработка на стратешки и годишни планови за ревизија; пишување и ажурирање на стратешките и годишните планови за ревизија;
- **Презентација на тема „Децентрализирано управување со ЕУ фондови: искуство на Долна Нормандија.** Целта на презентацијата беше учесниците да се запознаат со децентрализирано управување со ЕУ фондови: искуството на Долна Нормандија;
- **Обука за јавни набавки.** Целта на обуката беше професионализација во јавните набавки што треба да резултира во квалитетни постапки и компетентни одлуки;
- **Обука на тема „Врската меѓу корупцијата и организираниот криминал: алатки и методи“.** Целта на обуката беше стекнување знаења за нови алатки и методи за следење на корупцијата и организираниот криминал од страна на Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија, искуства поврзани со корупцијата и анти-корупцијата во Бугарија и Југоисточна Европа;

---

[5] Од 1.147 вработени 566 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки.

- **Обука за работа со класифицирани информации.** Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со компонентите на безбедносната структура и безбедносниот концепт за заштита на класифицираните информации;
- **Обука за неправилности и измама.** Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со видовите на неправилности, како да се распознае неправилност, превенција на измами и индикатори, постапки по кривични дела, систем за борба против измами, враќање на средства, координација, подготовка на извештаи и други постапки;
- **Работилница за стратешко планирање**. Целта на работилницата беше стекнување знаења за методологии и придобивки на ефективното стратешко планирање; развој на нов долгорочен план усогласен со основните стратешки приоритети на администрацијата; воспоставување на активности поврзани со стратешките цели дефинирани со носителите на активности и индикатори за успех;
- **Постапка по откривање на прекршоци и Процедура за постапување при откривање на кривично дело.** Целта на обуката беше надградување на знаењето на царинските службеници за постапката по откривање на царински прекршок и кривично дело, начин на пополнување на документација и постапување со сторителот и доказниот материјал.

За надворешните институции, Царинската управа организираше **Обука за економските промотери со цел размена на искуства**, добивање на информации кои потоа ќе се имплементираат во економската промоција во странство, а особено опфаќање на аспектите на билатералните економски договори, преференцијалите, потикнување на инвестиции, ЕУР 1 сертификати и други поволности и олеснувања за странските инвеститори. Во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители беше организирано **советување на тема: Царински долг**, со цел учесниците да се запознаат со поимот за царински долг, утврдување на тарифна ознака, потекло и вредност на стока, моменти на настанување на царински долг итн.

## *Интегритет*




***Интегритет на ниво на една организација, значи „отпорност на корупција“. Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет.***

**Во првиот квартал од 2015 година се спроведени вкупно 30 внатрешни истраги** врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност[6], примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално

[6] СПО

постапување на вработените, на информациите примени преку отворената царинска линија 197 (во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници), како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Додека пак во истиот период 2014 година беше спроведена 41 внатрешна истрага.

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | Q1 | Вкупно 2014 | 2015 | | | |
| | | | Јануари | Февруари | Март | Вкупно |
| Централна управа | 9 | 18 | 1 | 2 | | 3 |
| Царинарница Скопје | 16 | 39 | 5 | 1 | 4 | 10 |
| Царинарница Куманово | 8 | 34 | 3 | 1 | 4 | 8 |
| Царинарница Штип | 2 | 7 | | 1 | | 1 |
| Царинарница Гевгелија | 3 | 22 | 3 | 1 | 1 | 5 |
| Царинарница Битола | 3 | 17 | | | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **41** | **137** | **12** | **6** | **12** | **30** |

Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, во првиот квартал од 2015 година се **спроведоа 20 внатрешни инспекции за разлика од истиот период лани кога се извршија 23**.

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | Q1 | Вкупно 2014 | 2015 | | | |
| | | | Јануари | Февруари | Март | Вкупно |
| Централна управа | 2 | 11 | 3 | 3 | 2 | 8 |
| Царинарница Скопје | 10 | 31 | 3 | 1 | 3 | 7 |
| Царинарница Куманово | 0 | 9 | 1 | | 1 | 2 |
| Царинарница Штип | 3 | 10 | | | 1 | 1 |
| Царинарница Гевгелија | 4 | 14 | | | 1 | 1 |
| Царинарница Битола | 4 | 19 | | | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **23** | **94** | **7** | **4** | **9** | **20** |

Во текот на првиот квартал од 2015 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа **примени 6 поплаки**. Од вкупно поднесените поплаки, во 2 случаи се изготвени извештаи од извршена внатрешна истрага, при што не е утврдена одговорност кај царинските службеници. Во истиот период, по однос на 4 поднесени поплаки завршено е прибирањето на потребните податоци, утврдена е фактичката

состојба и изготвени се 4 писмени информации за неосновани полаки. Во поплаките странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да доставаат пополнет анкетен лист до СПО, во периодот јануари - март 2015 година од страна на царинските службеници се поднесени **27** анкентни листови, **10** обрасци за промена на имотната состојба и **16** изјави за интереси, додека за истиот период минатата година се поднесени **22** анкентни листови, **14** обрасци за промена на имотната состојба и **13** изјави за интереси.

Во март 2015 година донесена е **измена и дополнување на Упатството за работа на Секторот за професионална одговорност,** со кое се уредува организирањето и спроведувањето на контроли за окривање и утврдување на појави на незаконско работење на царинските службеници, како и соработката со организационите единици во Царинската управа и државните институции, подготвката на извештаи и анализи како и посебната заштита и одговорност на царинските службеници во СПО при извршување на нивните работни должности и задачи.

Исто така донесена е **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Македонија 2015-2018,** со која се дефинираат правците на јакнење на интегритетот, на развивање на концептот на проактивни мерки за намалување на корупцијата и судирот на интереси во кои приоритет е превенцијата, а репресијата и натаму ќе биде коректив на овие девијантни појави.




Согласно Процедурата за спроведување анкета за оценка на нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности во Царинската управа, во јануари 2015 година е спроведена внатрешна анкета во која учествуваа над 54,7% од вработени лица во Царинската управа. Спроведувањето на оваа анкета е поврзано и со реализација на активностите предвидени со Државните програми за превенција и репресија на корупција и намалување на појавата на судир на интереси за периодот 2011-2015, или конкретно со активноста за спроведување на истражување за степенот на распространетост на корупцијата во царинската служба меѓу субјекти кои доаѓаат во контакт со царински службеници. Целта на анкетата е да се истражи нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности, преку искажано мислење на вработените за тоа колку Царинската управа успешно и ефикасно ги спроведува активностите за спречување на овие појави.

Резултатите од анкетата, ќе се користат како основа за креирање на политиката на спречување на копрупција и судир на интереси, како и јакнење на интегитетот на ЦУ и ќе придонесат за правилно одредување на идните конкретни активности во областа на борбата против корупција.

Во првиот квартал во 2015 година, се изготвија **2 решенија за престанок на работен однос со отказ**, **9 решенија за изречена парична казна** и **4 решенија за запирање на дисциплинската постапка поради застареност за донесување на решение**.

## *Наградување и унапредување*

Во првиот квартал од 2015 година во Царинската управа се **реализираа 39 унапредувања**. Во Централна управа се унапредија 19 царински службеници: 3 царински службеници на работно место инспектор, еден царински службеник на работно место началник, 7 царински службеници на работно место самостоен советник, 4 царински службеници на работно место советник, еден царински службеник на работно место систем инженер, 2 царински службеници на работно место шеф на служба и еден царински службеник на работно место оператор.

Истиот квартал **во царинаринците се унапредени 20 царински службеници**: 4 царински службеници на работно место виш цариник контролор, еден царински службеник на работно место шеф на служба за надзор на иматели на одобренија, 5 царински службеници на работно место самостоен советник во служба за царински надзор, 2 царински службеници на работно место водител на отсек за стоково царинење, 5 царински службеници на работно место виш цариник водач на смена, 2 царински службеници на работно место шеф на царинска испостава и еден царински службеник на работно место оператор за царински надзор.

## *Внатрешна ревизија*

Во периодот јануари - март 2015 година, извршени се вкупно **4 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 11 наоди и дадени се вкупно 11 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа. Додека пак во истиот период минатата година извршени се вкупно **5 ревизии** (18 наоди и 17 препораки).

Во текот на јануари 2015 година изготвен е Квартален извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за IV квартал 2014 година и степенот на спроведување на препораките заклучно со IV квартал 2014 година.

## *Основи*

На одржаните состаноци во текот на првиот квартал на 2015 година, **Комитетот за управување со животен циклус на апликации**[7], ги разгледа и дискутираше за резултатите од неговата работа, а како најзначајни достигнувања беа презентирани следниве податоци:

- Поднесени и одобрени предлог проектни документи преку Комитетот (заклучно со крајот на 2014 година се поднесени 49, во тек на имплементација се 3, а незапочнати се 2проекти);
- Годишен извештај за функционирање на апликациите и на ИКТ системите;
- Реализирани ИТ проекти во текот на 2014 година и презентација на утврдена вредност на имплементираните апликации.

Во овој период до Комитетот поднесен е предлог проектен документ за развој на апликација за евиденција на фотографии од царинети и употребувани моторни возила.

## *Административни постапки*

Во текот на првиот квартал од 2015 година **остварени се 82.075 пристапи и креирани се 22.966 предмети, притоа се регистрирани 1.137 корисници**. Во текот на првиот квартал 2014 година остварени се 70.748 пристапи и креирани се 20.131 предмети, притоа се регистрирани 1.141 корисници.

| КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2014 | | | | | 2015 | | | |
| | Јануари | Февруари | Март | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| Корисници | 1,139 | 1,138 | 1,141 | 1,141 | 1,130 | 1,141 | 1,139 | 1,137 | 1,137 |
| Пристапи | 27,226 | 25,313 | 18,209 | 70,748 | 322,109 | 21,507 | 28,833 | 31,735 | 82,075 |
| Отворени предмети | 6,954 | 6,560 | 6,617 | 20,131 | 89,442 | 6,423 | 7,987 | 8,556 | 22,966 |

Во текот на првиот квартал од 2015 година, најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (10.856 од кои затворени се 6.956), прекршочни и мандатни постапки (877 од кои затворени се 300), управни постапки (860 од кои затворени се 3) и акцизни постапки (484 од кои затворени се 94).

Во текот на првиот квартал од 2015 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 14,5 илјади), Царинарница Гевгелија (над 9,1 илјади) и Царинарница Куманово (над 5,1 илјади).

[7] КУЖЦА

## *Безбедност и комуникација*

**Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија..**



Во системот се вклучени **223 корисници** од органите на државната управа, кои во текот на **првиот квартал од 2015 година реализираа 836 повици**, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот на првиот квартал од 2015 година остварија 389 видеоконференциски повици. Во истиот период минатата година во системот беа вклучени 200 корисници од органите на државната управа, кои реализираа 626 повици, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и Владата на Република Македонија и беа остварени 140 видеоконференциски повици.

## *ИКТ поддршка*

Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во првиот квартал од 2015 година е донесено **Корисничко упатство за модул СНИО[8] теренски контроли од апликација СИМ**. Со ова упатство се уредува начинот на електронска евиденција во модулот СНИО во Царинска управа, односно надлежноста и одговорноста на царинските службеници во рамки на системот СИМ.



[8] Служба за надзор на иматели на одобренија

| КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Назив на апликацијата | 2014 | | | | | | | | | 2015 | | | | | | | |
| | | Јануари | | Февруари | | Март | | Q1 | | Вкупно | Јануари | | Февруари | | Март | | Q1 | |
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,325 | 200,512 | 2,358 | 214,256 | 2,403 | 215,658 | 2,403 | 630,426 | 2,544,333 | 2,624 | 201,524 | 2,622 | 218,652 | 2,633 | 225,125 | 7,879 | 645,301 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 4,613 | 5,194 | 4,671 | 6,008 | 4,750 | 7,191 | 4,750 | 18,393 | 79,019 | 5,323 | 5,327 | 5,373 | 6,535 | 5,430 | 7,355 | 16,126 | 19,217 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 4,613 | 800 | 4,671 | 405 | 4,750 | 337 | 4,750 | 1,542 | 6,857 | 5,323 | 960 | 5,373 | 336 | 5,430 | 285 | 16,126 | 1,581 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни дозволи | 691 | 3,750 | 698 | 3,192 | 696 | 4,116 | 696 | 11,058 | 73,512 | 721 | 3,526 | 719 | 2,875 | 721 | 3,082 | 2,161 | 9,483 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,139 | 27,226 | 1,138 | 25,313 | 1,141 | 18,209 | 1,141 | 70,748 | 320,069 | 1,141 | 21,507 | 1,139 | 28,833 | 1,137 | 31,735 | 3,417 | 82,075 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 395 | 2,620 | 401 | 2,146 | 404 | 2,381 | 404 | 7,147 | 32,818 | 432 | 2,469 | 433 | 2,760 | 436 | 2,823 | 1,301 | 8,052 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 130 | 5,399 | 113 | 8,000 | 112 | 5,730 | 112 | 19,129 | 69,071 | 107 | 5,608 | 108 | 11,295 | 108 | 10,058 | 323 | 26,961 |
| 8 | Национална база за царинска вредност | 1,139 | 72 | 1,138 | 73 | 1,141 | 82 | 1,141 | 227 | 919 | 1,141 | 78 | 1,139 | 82 | 1,137 | 80 | 3,417 | 240 |
| 9 | Царински форум | 1,139 | 24 | 1,138 | 31 | 1,141 | 33 | 1,141 | 88 | 638 | 1,141 | 68 | 1,139 | 58 | 1,137 | 62 | 3,417 | 188 |
| 10 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 1 | 11 | 1 | 11 | 0 | 11 | 2 | 5 | 11 | 0 | 11 | 1 | 11 | 0 | 33 | 1 |
| 11 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 132,425 | 30 | 132,425 | 30 | 154,616 | 30 | 419,466 | 1,167,773 | 30 | 155,449 | 30 | 134,658 | 30 | 196,985 | 90 | 487,092 |
| 12 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 | 8 | 22 | 116 | 8 | 13 | 8 | 10 | 8 | 11 | 24 | 34 |
| 13 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 40 | 11 | 44 | 11 | 53 | 11 | 137 | 604 | 11 | 45 | 11 | 39 | 11 | 42 | 33 | 126 |
| 14 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 51 | 5 | 51 | 8 | 54 | 37 | 54 | 50 | 167 | 56 | 11 | 56 | 1 | 56 | 3 | 168 | 15 |
| 15 | Девизни контролници | 479 | 53 | 481 | 28 | 484 | 42 | 484 | 123 | 574 | 510 | 47 | 511 | 49 | 515 | 52 | 1,536 | 148 |
| 16 | CEMC- Систем за електронска размена на заштитени пораки | 201 | 60 | 202 | 120 | 201 | 117 | 201 | 297 | 940 | 202 | 61 | 203 | 42 | 205 | 49 | 610 | 152 |
| 17 | Систем за наплата | 682 | 15,831 | 681 | 17,868 | 682 | 21,161 | 682 | 54,860 | 251,921 | 676 | 13,757 | 677 | 17,874 | 681 | 21,845 | 2,034 | 53,476 |
| 18 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 283 | 3,954 | 468 | 5,264 | 459 | 4,676 | 459 | 13,894 | 42,770 | 495 | 2,605 | 500 | 1,285 | 500 | 3,548 | 1,495 | 7,438 |
| 19 | Следење на возила со GPS | 36 | 22 | 36 | 51 | 36 | 29 | 36 | 102 | 317 | 36 | 25 | 36 | 15 | 36 | 14 | 108 | 54 |
| 20 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 95 | 12 | 145 | 12 | 183 | 12 | 423 | 1,768 | 12 | 100 | 10 | 152 | 10 | 148 | 32 | 400 |
| 21 | Евиденција за прием на странки | 12 | 113 | 18 | 128 | 18 | 16 | 18 | 257 | 611 | 19 | 62 | 22 | 15 | 22 | 30 | 63 | 107 |
| 22 | Хелп деск | 5 | 270 | 5 | 301 | 5 | 197 | 5 | 768 | 2,473 | 6 | 112 | 6 | 247 | 6 | 251 | 18 | 610 |
| 23 | Евиденција на работно време | 1,139 | 48,712 | 1,138 | 55,568 | 1,141 | 54,641 | 1,141 | 158,921 | 675,278 | 1,141 | 44,086 | 1,139 | 58,200 | 1,137 | 71,169 | 3,417 | 173,455 |
| 24 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 981 | 41 | 981 | 89 | 971 | 138 | 971 | 268 | 433 | 956 | 20 | 964 | 57 | 958 | 76 | 2,878 | 153 |
| 25 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 116 | 12 | 111 | 12 | 102 | 12 | 329 | 1,113 | 12 | 111 | 12 | 111 | 12 | 145 | 36 | 367 |
| 26 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 167 | 26,068 | 173 | 33,385 | 174 | 15,829 | 174 | 75,282 | 364,131 | 178 | 41,281 | 181 | 35,775 | 175 | 45,467 | 534 | 122,523 |
| 27 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 795 | 6,735 | 795 | 7,375 | 809 | 7,205 | 809 | 21,315 | 89,566 | 860 | 6,931 | 869 | 7,205 | 888 | 8,417 | 2,617 | 22,553 |
| 28 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 981 | 54,214 | 981 | 55,654 | 971 | 51,296 | 971 | 161,164 | 635,098 | 957 | 43,875 | 964 | 43,049 | 958 | 46,906 | 2,879 | 133,830 |
| 29 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за одбележување | 45 | 207 | 60 | 99 | 67 | 96 | 67 | 402 | 695 | 147 | 34 | 155 | 40 | 159 | 77 | 461 | 151 |

Во текот на првиот квартал од 2015 година во Царинската управа беа во функција 46 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во првиот квартал од 2015 година изнесуваше околу 99,3 %.

## *Поедноставување на царинските и акцизните постапки*

### Комитет за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија" согласно Doing Business од Светска Банка

Во насока на унапредувањето на условите за „Прекугранична трговија", во текот на првиот квартал од 2015 година Царинска управа ги продолжи активностите за:

- воведување на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи[9], кој е во завршна фаза и истиот треба да биде ставен во функција до крајот на 2015 година;
- пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит кое се предвидува да се реализира до 1 јули 2015 година;
- воведување на концептот на заеднички контроли со соседните земји на повеќе гранични премини, со цел да се овозможи единствено застанување и единствена контрола на патниците, стоката и превозните средства;
- надградба на објектите за царинење и контрола на граничен премин Табановце Автопат, согласно предвидената динамика со краен рок до крајот на 2017 година;
- надградба на објектите за царинење и објектите за инспекциските органи на граничниот премин Ќафасан, согласно предвидената динамика со краен рок до 2018 година;
- спроведување на новиот Закон за вршење на работи на застапување во царинските постапки.

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

***Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.***




## *Е _ Царина*

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на првиот квартал од 2015 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи, започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[10]

---

[9] СОЦДАД

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Во првиот квартал од 2015 година членовите на работните групи беа во редовна комуникација со претставници на изведувачот кои ги опфатија модулите на системот од третата и четвртата испорака (од вкупно 5 испораки). Работните групи редовно одговараат на сите отворени прашања доставени од изведувачот. По извршените тестирања на модулите од третатата испорака, до изведувачот беа доставени сите забелешки кои беа воочени при реализација на тестовите (примена на дигитален сертификат, гаранции во различни постапки и царинска вредност). Третата фаза не е прифатена и истата е вратена на доработка од страна на изведувачот. Во овој период во тек беше интервенција во систем сала во ИТ секторот за подготовка на продукциската околина наменета за СОЦДАД. Со цел забрзување на овој процес ИТ групата оствари неколку координативни состаноци со експертите на изведувачот. Се очекува овие активности околу подготовката на хардверската платформа да завршат во почетокот на мај 2015 година.

### *EXIM*




***EXIM - Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти кој е во функција од 2008 година, од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници. Апликацијата EXIM беше унапредена во 2014 година со цел обезбедување поефикасно функционирање и негова интеграција со нови системи, како и имплементација на новите прописи и барањата на корисниците.***

На крајот од првиот квартал од 2015 година, во EXIM беа **регистрирани 5.430 економски оператори** – корисници на системот, кои преку кои преку 11[11] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти.** Во текот на првиот квартал од 2015 година апликацијата се користеше редовно, при што се забележува дека бројот на обработени предмети е во пораст, во споредба со првиот квартал од 2014 година, и

---

[10] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[11] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

преку EXIM се **издадени 19.217 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на првиот квартал** од 2015 година изнесуваше околу 2,56 часа, што е **приближно еднакво** со просечното време на издавање од 2.5 часа за истиот квартал во 2014 година.

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM**

| Опис | 2014 | | | | | 2015 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јануари | Февруари | Март | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 59 | 59 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 4,613 | 4,671 | 4,750 | 4,750 | 5,275 | 5,323 | 5,373 | 5,430 | 5,430 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 5,194 | 6,008 | 7,191 | 18,393 | 79,018 | 5,327 | 6,535 | 7,355 | 19,217 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 800 | 405 | 337 | 1542 | 6,850 | 960 | 336 | 285 | 1,581 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 2.5 часа | 5. 4 часа | 2.5 часа | 3.5 часа | 2.5часа | 2.6часа | 2.7часа | 2.4часа | 2.5часа |

**БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM**

| Име на дозволата | 2014 | | | | | 2015 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јануари | Февруари | Март | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 7 | 8 | 24 | **39** | 179 | 2 | 18 | 20 | **40** |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 42 | 36 | 38 | **116** | 456 | 33 | 48 | 41 | **122** |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 41 | 38 | 41 | **120** | 414 | 31 | 31 | 44 | **106** |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 904 | 885 | 1,146 | **2,935** | 12,840 | 1,006 | 1,019 | 1,180 | **3,205** |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 1,787 | 2,153 | 2,647 | **6,587** | 29,930 | 1,854 | 2,322 | 2,715 | **6,891** |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 8 | 7 | 9 | **24** | 125 | 8 | 18 | 6 | **32** |
| Дозвола за извоз на прекурсори | 14 | 21 | 15 | **50** | 167 | 14 | 8 | 18 | **40** |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 37 | 48 | 52 | **137** | 590 | 43 | 29 | 55 | **127** |
Според бројот на акции и количината на привремено задржани и запленети предмети, евидентно е дека и покрај интензивните акции и резултати од акциите за спречување нелегална трговија со наркотички дроги, нелегалната трговија се манифестира со обиди за шверц и криумчарење на мали пратки на производи за широка потрошувачка што сеуште подлежат на увозни давачки.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во првиот квартал од 2015 година во **7 обиди** спречен е шверц на наркотични дроги од околу 18 кг. ( 191 гр. амфетамин; 2 гр. кокаин; 16,174 кг.марихуана и 1,946 кг. хероин).

*На граничниот премин Табановце при излез од државата запленети се 0,919 кгр. амфетамин паста.*

*На ГП Табановце при излез од државата запленети се 0,397 гр. марихуана.*



*На ГП Табановце при излез од државата, мобилните тимови открија шверц на марихуана со вкупна тежина од 14,861 кг.*

## Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети

Во првиот квартал од 2015 година царинските службеници во **4 обиди** спречија шверц на оружје и распрскувачки материи и предмети ( вкупно **184 парчиња**).



*На ГП аеродром при влез во државата се запленети 88 парчиња пиротехнички матерјал.*



*На ГП Богородица при влез во државата се запленети 30 парчиња ловечка муниција.*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во првиот квартал од 2015 година во **18 обиди** е спречен шверц на околу **131 илјада парчиња цигари и 46,5 килограми режан тутун**.



*На ГП Аеродром при излез од државата откриени се непријавени 11.500 парчиња цигари.*



*На ГП Табановце при излез од државата откриени се непријавени 3.230 парчиња цигари.*

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во првиот квартал од 2015 година во **22 обиди** е спречен шверц на готови пари и тоа: **107.200 евра и 47.900 швајцарски франци**.



*На ГП Аеродром – Александар Велики, при излез од државата откриени се и одземени 44.000 евра.*



*На ГП Богородица, при контрола на царинските службеници во патничко моторно возило, пријавено за влез во државата, биле одземени 33.250 евра.*

*На граничниот премин Табановце при излез од државата се откриени и одземени 26.000 евра.*



### Спречување неовластена трговија со лекови и медицински помагала

Во првиот квартал од 2015 година во **9 обиди** е спречен шверц на околу **5.200 парчиња и 10 кг. разни видови на лекови, метални стоматолошки материјали и медицински материјали и помагала.**

*На ГП Јажинце при влез во државата откриени се 30 пакувања (210 парчиња лекови камагра и виагра).*



### Спречување неовластена трговија со прехрамбени производи

Во првиот квартал од 2015 година во **10 случаи** е спречен шверц на околу **6.540 килограми, 469 литри и 48 парчиња прехранбени производи** (овошје, зеленчук, сончоглед, ореви, маслинки, додатоци во исхраната).

*На ЦИ Богородица при влез во државата царинските службеници при преглед на возило откриле непријавена разновидна прехрамбена стока: 108 гр. зачин шафран, 133 кг. маслинки, 150 кг. мед, 23 кг.телешки дроб, 84 кг. зачин оригано, 3 кг. зачин (чубрика), 10 кг. зачин нане, 22,5 литри домашна мастика, 5 кг. лупени ореви и 18 кг. ф'стак лупен.*



*На ЦИ Богородица при влез во државата царинските службеници откриле непријавени 3.600кг. портокали.*



## Спречување нелегална трговија со живи животни

Во првиот квартал од 2015 година во **2 обиди** спречен е шверц на **10 живи животни**.

*На ЦИ Табановце привремено беа задржани 8 гулаби писмоносачи.*



## Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во првиот квартал на 2015 година во **40 обиди** беше спречен шверц на околу **8.954 парчиња текстил, 201 кг. и 11.200 метри репроматеријал**.

*На ГП Аеродром Скопје при влез во државата откриени се разни готови текстилни производи од трговски карактер.*





*При контрола на царинските службеници на ГП Аеродром пронајдена е и привремено задржана разна стока и тоа од околу 97 парчиња готови текстилни производи и 12 пара обувки.*



*На ГП Аеродром при контрола од страна на царинските службеници е пронајдена и привремено задржана разна стока (околу 22 парчиња готови текстилни производи).*

## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во првиот квартал од 2015 година во **81 обид** спречен е шверц на разна стока (околу **22.602 парчиња, 3.318 кг. и 30 литри**).

*На ГП Табановце при влез во државата биле откриени непријавени 123 парчиња рачни часовници, паричници, пенкала и привезоци.*



## Контрола на управувањето со странски возила и јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во периодот јануари - март 2015 година Царинската управа привремено задржа **52 моторни возила**, од кои 44 патнички моторни возила, 7 моторцикли и еден мопед.

ЦУРМ самостојно и во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во периодот јануари - март 2015 година откри 2 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки. Во истиот период 2014 година се откриени 12 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## *Пријавени девизи*

На граничните премини во Република Македонија, во текот на првиот квартал од 2015 година се пријавени вкупно девизни средства во противвредност на **3.969.124 евра**, сите на влез во Република Македонија.




Од вкупно пријавените девизи, 3.124.655 се евра, 637.230 се швајцарски франци и 252.500 американски долари.

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Аеродром, Скопје (противвредност на 1.432.075 евра или 36,1%), ЦИ Блаце (противвредност на 1.269.210 евра или 31,9%) и ЦИ Богородица (противвредност на 715.467 евра или 18%).

Во првиот квартал од 2015 година пријавени се за 16,1% повеќе девизи во однос на истиот квартал во 2014 година.

## Царинска лабораторија

Во првиот квартал од 2015 година во царинската лабораторија се **примени 169 мостри**. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбена индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа од вкупно 169 анализирани мостри, во 33 случаи или 19,5% (од кои 23 врз основа на анализа на техничка документација, 10 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака и непочитување на мерките на трговска политика. Несоодветното распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.



## *Документарна царинска контрола*

***Документарната царинска контрола е контрола на соодветноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и нивните***

***управители, но се однесува и на физички лица без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.***

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во текот на првиот квартал од 2015 година, во **над 5.909 случаи** се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 5.507 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 190 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 180 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 32 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | **Вкупно** |
| **2014** | Јануари | Невалидни | 1,306 | 13 | 12 | 4 | 1 | **1,336** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 433 | 7 | 8 | 3 | 0 | **451** |
| | | Вкупно | 1,739 | 20 | 20 | 7 | 1 | **1,787** |
| | Февруари | Невалидни | 1,512 | 14 | 29 | 1 | 2 | **1,558** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 471 | 10 | 12 | 1 | 0 | **494** |
| | | Вкупно | 1,983 | 24 | 41 | 2 | 2 | **2,052** |
| | Март | Невалидни | 1,751 | 35 | 39 | 2 | 1 | **1,828** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 505 | 11 | 4 | 1 | 0 | **521** |
| | | Вкупно | 2,256 | 46 | 43 | 3 | 1 | **2,349** |
| | Q1 | Невалидни | 4,569 | 62 | 80 | 7 | 4 | **4,722** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,409 | 28 | 24 | 5 | 0 | **1,466** |
| | | **Вкупно** | **5,978** | **90** | **104** | **12** | **4** | **6,188** |
| | **Вкупно** | Невалидни | 20,659 | 333 | 473 | 35 | 6 | **21,506** |
| | | Фалсификат | 4 | 2 | 0 | 5 | 0 | **11** |
| | | Други | 7,890 | 100 | 107 | 60 | 43 | **8,200** |
| | | Вкупно | 28,553 | 435 | 580 | 100 | 49 | **29,717** |
| **2015** | Јануари | Невалидни | 819 | 40 | 34 | 1 | 1 | **895** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | **11** |
| | | Други | 512 | 5 | 8 | 2 | 0 | **527** |
| | | Вкупно | 1331 | 45 | 42 | 14 | 1 | **1,433** |
| | Февруари | Невалидни | 913 | 60 | 47 | 7 | 1 | **1,028** |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | **2** |
| | | Други | 760 | 23 | 15 | 0 | 0 | **798** |
| | | Вкупно | 1,673 | 84 | 62 | 8 | 1 | **1,828** |
| | Март | Невалидни | 1,237 | 51 | 62 | 7 | 0 | **1,357** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| | | Други | 1,266 | 10 | 14 | 0 | 0 | **1,290** |
| | | Вкупно | 2,503 | 61 | 76 | 8 | 0 | **2,648** |
| | Q1 | Невалидни | 2,969 | 151 | 143 | 15 | 2 | 3,280 |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 13 | 0 | 14 |
| | | Други | 2,538 | 38 | 37 | 2 | 0 | 2,615 |
| | | **Вкупно** | **5,507** | **190** | **180** | **30** | **2** | **5,909** |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 184,3 милиони денари на име увозни давачки. Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на употребувани ПМВ[14], трактори и земјоделска механизација, овошје, зеленчук, старо железо, козметички производи, делови за моторни возила, готови текстилни производи, базно масло, делови за машини и др.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во истиот период 2014 година, во над 6.188 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 140,2 милиони денари на име увозни давачки.

### *Постцаринска контрола*

***Постцаринската контрола опфаќа контрола на трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.***

Во првиот квартал од 2015 година, извршени се **238 контроли на трговски друштва**, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 27 контроли на трговски друштва на увозни или извозни постапки и документарна контрола откриени се 25 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од околу 23,7 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт, трошоци за натовар, истовар и манипулација поврзани со транспортот на увезените стоки, неправилно пријавено преференцијално потекло на увезени стоки, неправилно утврдена даночна основица на увезени стоки, непријавување за увозно царинење и прикажување на помала вредност од вистински платената.

При извршените 17 контроли на иматели на акцизни одобренија, корисници на ТНГ[15] како погонско гориво и документарна контрола не се откриени случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки. При контролите на регистрирани трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување на горивата откриени се 10 случаи на непридржување на обврските утврдени со член 31-а од Законот за акцизите.

Во периодот јануари - март 2015 година при извршените **59 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување** се откриени 2 случаи за избегнување плаќање увозни давачки. При контролата на 44 иматели на одобренија за царинско складирање и ППЧ[16], не се откриени случаи за избегнување плаќање увозни давачки. Исто така во овој период, не се откриени случаи на непридржување на условите за

[14] Патнички моторни возила

[15] Течен нафта и гас

[16] Простории за привремено чување на стоката

поедноставени царински постапки, поради кои би следело одземање на одобрението за поедноставени царински постапки.

| РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | | | | | 2015 | | | |
| Вид на контрола | Јануари | Февруари | Март | Q1 | Вкупно 2014 | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| Контрола на трговски друштва | 3 | 5 | 5 | 13 | 72 | 6 | 11 | 10 | 27 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 3 | 7 | 10 | 20 | 56 | 11 | 0 | 6 | 17 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 15 | 23 | 17 | 55 | 237 | 19 | 19 | 21 | 59 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 14 | 14 | 15 | 43 | 235 | 13 | 15 | 16 | 44 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 0 | 2 | 1 | 3 | 20 | 2 | 1 | 2 | 5 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 10 | 13 | 11 | 34 | 220 | 16 | 37 | 30 | 83 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 0 | 0 | 0 | 58 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 0 | 1 | 4 | 5 | 25 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| **Вкупно** | 45 | 65 | 63 | 173 | 923 | 67 | 84 | 87 | 238 |

Во истиот период 2014 година извршени се 173 контроли на трговски друштва по разни основи.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

***Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.***

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во периодот јануари - март 2015 година, Царинската управа на име **дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ** донесе 519 решенија, на вкупен износ од околу **32,8 милиони денари**, од кои:

- 215 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 17,9 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 20 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 2,9 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,

- 77 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 2,6 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот,
- 207 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 9,3 милиони денари по други основи и тоа: измена на податоци во царински декларации, нераздолжена транзитна постапка, плаќање на увозни давачки за пуштање во слободен промет пред истекот од рокот за кој стоката била ослободена од давачки, наплата на трошоци за извршени анализи на земени мостри, дополнителна наплата по основ на сторен прекршок, дополнителна наплата по основ на комисиски записници за наод, извршени теренски контроли во трговски друштва и др.

Во истиот период 2014 година Царинската управа донесе вкупно 133 решенија за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 17,4 милион денари.

## Кривични пријави

Царинската управа во првиот квартал од 2015 година поднесе **32 кривични пријави против 35 физички и 13 правни лица.**

| ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основ за поднесена кривична пријава | Q1 2014 | | | Вкупно 2014 | | | Q1 2015 | | |
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување на наркотички дроги | 1 | | 1 | 32 | | 22 | 10 | | 7 |
| Недозволено тргување со цигари | | | | | | | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 3 | | 3 |
| Недозволено тргување со лекови | | | | | | | | | |
| Криумчарење благородни метали | 1 | | 1 | 8 | | 7 | 1 | | 1 |
| Криумчарење други видови стоки | | | | 13 | 1 | 10 | 4 | | 4 |
| Фалсификување други исправи | | | | 3 | 1 | 2 | 1 | | 1 |
| Поднесени фалсификувани фактури | 3 | 3 | 3 | 14 | 11 | 14 | 5 | 4 | 5 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | | | | 1 | 1 | 1 | | | |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Непријавени стоки при увозно царинење | | | | 1 | 1 | 1 | | | |
| Пријавена тарифна ознака со помали давачки | | | | 1 | 1 | 1 | | | |
| Даночно затајување | | | | 4 | 3 | 1 | | | |
| Недозволено производство и промет со општо опасни материи | | | | | | | | | |
| Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| Незавршена транзитна постапка | | | | 2 | | 2 | | | |
| Неисполнување на законска обврска за увозно царинење | | | | | | | | | |
| Неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | | | | | | | | | |
| Неовластен увоз на стоки предмет за заштита на права од интелектуална сопственост | 14 | 11 | 13 | 53 | 50 | 52 | 8 | 8 | 8 |
| Пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | | | |
| Симнување на службен знак | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | |
| Други основи | | | | | | | | | |
| Вкупно | 24 | 16 | 22 | 139 | 72 | 119 | 35 | 13 | 32 |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во овој период поради поради недозволено тргување со наркотички droги беа поднесени 7 кривични пријави против 10 физички лица, 3 кривични пријави против 3 физички лица поради недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали беа поднесени, 5 кривични пријави против 5 физички лица и 4 правни лица поради фалсификувани фактури, 8 кривични пријави против 8 физички лица и 8 правни лица поради неовластен увоз на производи што се предмет на заштита на правата од индустриска сопственост поднесени и итн.

Во истиот период 2014 година Царинската управа поднесе 22 кривични пријави против 24 физички и 16 правни лица.

### Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во првиот квартал од 2015 година се поднесени **255 прекршочни пријави** од кои, 234 за сторен царински прекршок, 19 за сторен девизен прекршок и 2 за сторен акцизен прекршок. Од вкупно поднесени прекршочни пријави, 196 се однесуваат на физички, а 59 на правни лица.

Во истиот период 2014 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 200 прекршочни пријави против 175 физичко лице и 25 правно лице.

Во првиот квартал од 2015 година, беа решени 595 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 46,2 милиони денари. Во 330 предмети покрај глобата им беше изречена и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 45 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизи кои во денарска противвредност изнесуваат околу 42,6 милиони денари.
Во периодот јануари - март 2015 година се изречени **747 мандатни казни** против 410 физички лица и 337 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 7,5 милиони денари.

Во истиот период 2014 година, беа решени 407 прекршочни предмети и при тоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 22,3 милиони денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во текот на првиот квартал од 2015 година Царинската управа продолжи со учество во:

- меѓународен проект GLOBAL SHIELD за контрола на увоз и извоз на хемикалии. Во операцијата учествуваа сите земји членки на СЦО[17], поддржувана и од INTERPOL, UNODC-WCO Container Control Programme и CARICC (Central Asia Regional I2);
- меѓународна операција CLEAN EARTH, организирана од SELEC, а првенствено фокусирана на идентификување, превенција и спречување на нелегалната трговија со фалсификувани производи за заштита на растенијата и опасен отпад (учесници во операцијата се земјите членки на SELEC центарот);

[17] Светската царинска организација

- меѓународна операција BALKAN GATE, организирана од СЦО, а фокусирана на идентификување и спречување на нелегалната трговија со фалсификувани и пиратски стоки, транспортирани со сите видови на транспорт, вклучително и поштенски и експрес пратки (учесници во операцијата се Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Италија, Црна Гора, Романија и Србија);
- меѓународна операција WESTERLIES 3, организирана од СЦО организација и царинската администрација на Јапонија, фокусирана на борбата против криумчарење на амфетамини и други опојни дроги од страна на патници во воздушниот сообраќај (учесници во се царинските администрации на сите земји членки на СЦО и ИНТЕРПОЛ).

Во текот на овој квартал од 2015 година беше обезбеден пристап во базата на податоци ADAM на Парис Пакт Иницијативата во Виена – UNODC, за следење на меѓународни проекти за илегална трговија со дрога. Исто така, Царинската управа во CEN базата внесе 37 заплени, како и 41 информација за запленета стока до SELEC центарот и достави информација до ЗКА Балкан инфо за 3 заплени на дрога и достави една информација за заплена на заштитени видови животни преку ENVIRONET и EU TWIX.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*




Во првиот квартал од 2015 година, бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше **529**, од нив 327 се активни корисници и истите оствариле 79 пристапи до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: GAP, ALLERGAN, BOTOX, BULGARI, CHEVROLET, CHANEL, LOUIS VUITTON, IPHONE, CASIO, CINDERELLA LOGO, SLEEPING BEAUTY, DAEWOO, LOVE PINK, VICTORIA'S SECRET, LA SENZA и HENRI BENDEL**

На крајот на првиот квартал од 2015 година во Царинската управа бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше **321**, додека на на крајот на 2014 година изнесуваше 345.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во периодот јануари – март 2015 година во **47 акции, привремено се задржани 467.589 парчиња** стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Привремено задржана стока заклучно со март 2015 година е прикажана во следната табела :

| ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на производи** | **Ед. мерка** | **2014** | | | | | **2015** | | | |
| | | | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Q 1** | **Вкупно 2014** | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Q 1** |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 154 | 100 | 1,360 | 1,614 | 200,864 | 3,365 | 1,236 | 334 | 4,935 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 1,290 | 3,340 | 160 | 4,790 | 32,419 | | 12 | 565 | 577 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 14,776 | 83,119 | 2,448 | 100,343 | 546,317 | 44,764 | | 8,016 | 52,780 |
| | | Кг. | | | | | 768 | | | | |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 191 | 2,862 | | 3,053 | 7,876 | 8 | 668 | 2 | 678 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | | | | / | 1,208 | | 501 | 21 | 522 |
| 6 | Лекови | Парче | | | | / | | | | | |
| 7 | Друго | Парче | 1,925 | 2,671 | 12,041 | 16,637 | 156,618 | 71 | 363,556 | 44,470 | 408,097 |
| | **Вкупно** | Парче | **18,336** | **92,092** | **16,009** | **126,437** | **945,302** | **48,208** | **365,973** | **53,408** | **467,589** |
| | | Кг. | | | | | **768** | | | | |

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани бебешки пелени со 77% учество. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 89%.




Во 26 случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост, количина од 94 парчиња текстилни производи, 11 парчиња женски чанти, 44.838 парчиња разни производи се ослободени поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека истата стока е оригинална. Количина, 360.000 парчина бебешки пелени, 95 парчиња детски играчки е ослободено поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки не биле заинтересирани да ја водат постапката за утврдување на оригиналсноста на производите. Додека, количина од 720 парчиња козметички производи и 23 парчиња дуксери е ослободена поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека истата не повредува право од интелектуална сопственост; а количина од 1.162 парчиња модни додатоци, 112 парчиња текстилни производи и 6.539 разни производи е ослободена поради тоа што

застапниците на имателите на трговските марки не изразиле интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост.

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на март 2015 година, под царински надзор **беа уништени 4.539 парчиња фалсификувана стока** (3.382 козметички производи, 920 детски играчки, 217 текстилни производи и 20 модни додатоци).

## *Бесплатно отстапување на стока*

Во јануари 2015 година, Царинската управа во соработка со застапниците на носителите на правата на трговските марки, утврди нови количини и согласност за отстапување на одземената стока, при што по **четврт пат** превзема **активности за донација на стока** (облека и обувки) во согласност со член 19-а од Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост („Сл.весник на РМ" бр. 38/05, 107/07, 135/11 и 69/13).

Во тој правец Царинската управа на Република Македонија во координација Министерството за труд и социјална политика и одредени македонски компании презеде активности за отстранување на ознаките, со цел стоката да биде предмет на донација (по донесената Одлука на Владата на РМ, согласно Законот за царински мерки за заштита на право од интелектуална сопственост).

## *Односи со јавноста*

***Информирањето и комуникациите претставуваат клучен елемент за надградба на капацитетите за заеднички пристап во промовирањето на акциите, вредностите и целите на Царинската управа на транспарентен и професионален начин, се со цел да се добие јавна поддршка за своите активности.***

Во таа насока, во првиот квартал од 2015 година се објавија 29 соопштенија за откриена непријавена, фалсификувана стока, откриени царински измами и воведени новитети во царинско работење, а беа организирани и две прес – конференции.

### *Позначајни настани*

#### *Промоција на безготовинското плаќање на царинските испостави*

Следејќи ги најмодерните трендови за безготовинско плаќање, а со цел обезбедување на квалитетна и брза услуга за граѓаните, Царинската управа на почетокот на 2015 година, воведе можност за безготовинско плаќање на царинските и други давачки поврзани со царинското работење. Со воведувањето на оваа можност граѓаните и економските оператори веќе нема да мораат да патуваат до најблискиот град или до најблиската филијала на Македонска Пошта или комерцијалните банки, ниту пак да чекаат на ред пред нивните шалтери за да ги платат давачките поврзани со царинско работење (царински и други давачки и административни такси), бидејќи отсега овие услуги ќе ги добиваат на едно место, во царинските испостави каде се спроведуваат царинските формалности. Проектот за воведување на ПОС терминали на царинските испостави започна во октомври минатата година, кога беше распишан јавен повик за избор на најповолен понудувач за воведување на безготовинско плаќање преку ПОС терминали, на кој беше избрана НЛБ Тутунска Банка АД, бидејќи понуди најниска провизија од 1,7% од вкупната вредност на трансакцијата. Инаку на територијата на Република Македонија, во 5-те царинарници се инсталирани вкупно 24 ПОС терминали кои им стојат на располагање на граѓаните и тоа по 6 во Царинарница Скопје, Битола и Куманово, 5 во Царинарница Гевгелија и еден во Царинарница Штип.



# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## *Предавање за студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје*

На покана на Универзитетот за туризам и менаџмент[18], во рамките на нивната програмата за повикување гости - предавачи пред студентите на УТМС кои презентираат дел од своето знаење во областа во која што се експерти, на 18 февруари



2015 година директорот на Царинската управа, г-ѓа Наташа Радеска Крстевска одржа предавање на тема „Завршување на процесот за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит[19]". Во своето излагање пред студентите таа напомена дека со пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, односно кон НКТС, кое се очекува на 1 јули 2015 година, придобивки ќе имаат економските оператори, Царинската управа, но и Република Македонија во целост. На студентите им беа презентирани и сите преземени активности и активности кои следат со цел навремено пристапување кон КЗТ.

Со цел унапредување на соработката на Царинската управа со институциите од образовниот систем, одобрена и организирана беше и посета на студентите на УТМС на една царинска испостава каде и одблизу подетално се запознаа со царинските постапки. Во таа насока, г-ѓа Наташа Радеска Крстевска реализираше средба со Ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент Проф. д-р Аце Миленковски, на која уште еднаш беше потенцирана добрата соработка меѓу овие две институции, со акцент истата да се продлабочи во наредниот период.

## *Работна средба со Советот на странски инвеститори во Република Македонија*

На 26 март 2015 година во Стопанската комора на Република Македонија се одржа работна средба помеѓу претставници на компании членки на Советот на странски инвеститори и претставници од Царинската управа, предводена од директорот г-ѓа Радеска Крстевска. Целта на оваа работна средба беше преку непосреден дијалог на јавниот и приватниот сектор да се изнесат отворените прашања поврзани со царинското работење, како и да се предложат решенија во насока на унапредување на деловната клима во Република Македонија. На оваа



работна средба претставниците на Царинската управа ги презентираа новините во царинското работење, во насока на олеснување на трговијата и поедноставување на царинските постапки.

---

[18] УТМС

[19] КЗТ

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Интернет и интранет*

Во првиот квартал на 2015 година страницата беше посетена од вкупно 49.560 корисници. Од страна на корисниците овој период испратени се 240 прашања, жалби и сугестии, и е одговорено на 145 прашања.

Во првиот квартал на 2015 година, на интернет страницата се објавени околу 130 содржини на македонски, англиски и албански јазик, а страницата е посетена над 520 илјади пати.

На интранет порталот на Царинската управа во првиот квартал на 2015 година објавени се 196 информации, притоа остварени се над 35 илјади посети од 3.417 корисници, додека во истиот период 2014 година беа објавени 254 информации и беа остварени над 37 илјади пристапи од 3.418 корисници.

### *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) во првиот квартал на 2015 година добиени се вкупно 2.700 повици или во просек 30 повици на ден и тоа: „А“[20]класа – вкупно 14 повици „Б“[21]класа – вкупно 19 повици, „С“[22]класа - вкупно 173 повици и „Ј“[23]класа – вкупно 6 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### *Граѓански дневник и барања за пристап до информации од јавен карактер*

Во првиот квартал на 2015 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен 460 пати** и одговорено е на три информации од јавен карактер.

## *Царинска соработка*

### *Советодавното тело*

На 18 март 2015 година се одржа редовен состанок на Советодавното тело, на кој беа разгледани повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење. На

---

[20] **„**А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .

[21] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.

[22] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

[23] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

состанокот посебен акцент беше ставен на проблемите со кои се соочуваат текстилните компании во Република Македонија, посебно оние кои во царинските постапки настапуваат како иматели на одобрение за постапки со економски ефект во поглед на водењето на потребните евиденции, вршењето на контроли и постапување после откривање на царински прекршок. Претставник на Царинската управа информираше и за постапката на царинење на мали пратки и кампањата на Царинската управа за примена на усната декларација. Исто така, присутните беа информирани за анкетата која ја спроведува Царинската управа со цел оценка на нивото на изложеност на злоупотребата на службени должности и појава на коруптивни активности, при што до претставниците на деловната заедница беше упатен апел за масовно учество.

Беше разгледан предлогот на Асоцијацијата на шпедитери и логистички оператори за измена и дополнување на Законот за вршење на застапување во царинските постапки. На состанокот претставници на Царинската управа ги информираа претставниците на бизнис секторот за повеќе новини како што е започнувањето на твининг проектот за усогласување и примена на акцизното законодавство на Европската унија во соработка со Царинската управа на Австрија, кој е предвидено да се реализира следните две години. Присутните беа информирани и дека во постапка на донесување е нов Закон за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост, целосно усогласен со европското законодавство.

## *Меѓународна соработка*

### *Одбележан 26-ти јануари – Меѓународен ден на царината*

По повод меѓународниот царински ден посветен на темата „Кооординирано гранично управување", на иницијатива на Царинската управа на сите граници, шефовите на граничните премини одржаа билатерални средби со своите колеги царинските служби на соседните земји. Средбите беа организирани во духот на добрососедските односи, на кои се разговараше за продлабочување на воспоставената взаемна соработка како и за други теми од заеднички интерес. По повод меѓународниот царински ден ЦУРМ доби благодарници од СЦО[24], која традиционално ги доделува на лица и организации кои придонеле за подобрување на координираното гранично работење.




По тој повод, на 26.01.2015 година, за одлична соработка помеѓу царинските служби со Србија и Косово, поточно со соседните царински испостави на овие две земји како и со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Царинската управа додели 6 благодарници. За извонредна оперативна соработка во делот на размена на информации од взаемен интерес благодарници им беа доделени на 3 царински

[24] Светската царинска организација

испостави од Царинарница Ниш, Република Србија и тоа: царинска испостава Прешево, царинска испостава Терминал Прешево и царинска испостава Прохор Пчињски и на две царински испостави од Царинарница Урошевац, Република Косово: Царинската испостава Хани Елезит и Царинската испостава Глобочица. Благодарница му беше доделена и на Регионалниот центар за гранични работи Север при Министерството за внатрешни работи.

### *Состанок со претставници на безбедносните институции на Косово*



На 19 февруари 2015 година, во Царинската управа на Република Македонија се одржа состанок помеѓу високи претставници на безбедносните институции на Косово (полициските служби, Казнено поправната установа, Царинската служба) и претставници на Царинската управа на Република Македонија. Состанокот беше одржан во рамки на Проектот "Жените во безбедносните институции на Косово", поддржан од Амбасадата на Норвешка во Косово. Целта на проектот беше подигање на свеста кај младата женска популација за придонесот на жените во безбедносните институции, како и мотивирање за избор на професија во униформа.

На состанокот, покрај претставувањето на стратешките цели и организационата поставеност на Царинската управа на Република Македонија, беа разменети и информации за улогата на жените во институции како Царинските управи, Министерствата за внатрешни работи, казнено воспитните установи и Министерствата за одбрана. Со цел унапредување на соработката помеѓу институциите во регионот и исполнување на целите на проектот, претставниците се согласија за натамошни работни средби и размена на искуства и најдобри пракси.

### *Регионална работилница за заштита на правата од интелектуална сопственост*

Во организација на СЦО, а под покровителство на јапонската фондација за царинска соработка (CCF Japan), во периодот 11 - 13 март 2015 година во Скопје се одржа регионална работилница за идентификација и спречување на увозот, извозот и



транзитот на фалсификувани и пиратски стоки. Царинските службеници од Македонија како земја – домаќин и Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Италија, Црна Гора и Србија имаа можност да ги споделат искуствата и подобрат знаењата за спроведувањето на заштитата на правата од интелектуалната сопственост. Целта на работилницата беше зајакнување на

оперативните капацитети, подигање на свеста, ефективна селекција на праткитe, базирана на анализа и проценка на ризик и разработка на техники на откривање на стока со заштитено право на интелектуална сопственост. Во соработка со одделни носители на права од интелектуална сопственост се работеше на препознавање и разликување на оригинални и фалсификувани производи. На работилницата присуствуваа и претставник на Европол, при што разменети беа искуства и предлози за понатамошна соработка.

### *Мониторинг мисија на информатичките системи на Царинската управа*



Во периодот 23 - 27 март 2015 година, во Скопје се одржа Мониторинг мисија на Информатичките системи на Царинската управа и Управата за јавни приходи. Главна цел на мисијата беше да се оценат условите и напредокот на Република Македонија во оваа област т.е. интерконективноста и интероперабилноста со европските информатички системи. На 25 март 2015 година, се одржа состанок во Царинската управа, на кој присуствуваа експерти во областа на ИТ од Европската комисија – DG TAXUD (Генералниот директорат за царина и оданочување) и претставник на Делегацијата на Европска унија во Република Македонија. Во рамки на состанокот беше разгледан статусот на имплементација на ИТ Стратегијата на Царинската управа и нејзината поврзаност со Стратешкиот план на Царинската управа, статусот на имплементација на Европската стратегија за интероперабилност и интерконективност и нејзината поврзаност со Стратешкиот план на Царинската управа, како и меѓународната соработка во областа на ИТ системите. Воедно, во рамки на мониторинг мисијата на ИТ системите, на 26 март 2015 година, се одржа и обука за примената на ITIL методологијата (библиотека за инфраструктура за ИТ) за стекнување на неопходни знаења и вештини потребни за успешно планирање, имплементација, управување и решавање на проблемите во ИТ поддршката, на околу 30 учесници од Царинската управа и Управата за јавни приходи.


ЦАРИНСКА УПРАВА



